**Република Македонија**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**
**Бр.** 02-1425/12
13.10. **2010 година**
**Скопје**

Врз основа на член 8 став 2 и член 9 алинеја 8 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр. 60/03, 37/06, 103/08, 161/08), членовите 11, 11-а, 12, 13, 15 и 17 од Законот за плати на судии (Сл. весник на РМ бр.110/07, 161/08, 103/08, 153/09), Судскиот буџетски совет на ден 06.10.2010 година донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СУДИИТЕ УТВРДЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

1. Судиите имаат право на надоместок на плата за отсуство поради користење на годишен одмор, дообразование, за време на боледување и други отсуства од работа во согласност со општите прописи што ги регулираат работните односи.

За правата од ставот 1 по барање на судијата одлучува Претседателот на судот каде судијата ја врши судиската функција.

2. Судија кој по потреба на службата времено е упатен да ја врши судиската функција во друг суд, има право на плата во висина на платата на судијата во тој суд, доколку таа е поповолна за него.

3. Судијата има право на надоместок за патни и други трошоци за службени патувања во земјата, односно патни, дневни и други трошоци за службени патувања во странство.

За правата од ставот 1 по барање на судијата одлучува Претседателот на судот каде судијата ја врши судиската функција.

4. Судијата којшто живее во една, а работи во друга општина има право на **надоместок на трошоци за превоз.** Овој надоместок се определува во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа.

За правото од ставот 1 по барање на судијата одлучува Судскиот буџетски совет со решение.

Надоместокот на трошоци за превоз судијата го остварува од денот на поднесувањето на барањето до Судскиот буџетски совет. Кон барањето судијата поднесува копија од лична карта, одлука за избор за судија, изјава заверена на нотар дека тој или член на неговото потесно семејство немаат во сопственост стан или куќа во местото каде ја врши функцијата.

5. Судијата има право на **надоместок за одвоен живот од семејството** во висина регулирана согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и надоместок за превоз за четири повратни патувања од местото каде ја врши функцијата до местото каде што живее, во висина на автобуската карта, доколку не користи надоместок за одвоен живот.

За правото од став 1 по барање на судијата одлучува Судскиот буџетски совет со решение.

Надоместокот за одвоен живот судијата го остварува од денот на поднесувањето на барањето до Судскиот буџетски совет. Кон барањето судијата поднесува копија од лична карта, одлука за избор за судија и изјава заверена на нотар дека тој или член на неговото потесно семејство немаат во сопственост стан или куќа во местото каде ја врши функцијата.

6. Судијата на кој му следува право на користење на службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да му биде обезбеден, **има право на надоместок за закупнина на стан.** Висината на надоместокот за закупнина за стан се определува во висина на износот на закупнина наведен во договорот за закуп, но најмногу до 300 евра во денарска противредност месечно за судиите со место на работа во Скопје, односно до 200 евра во денарска противвредност месечно за судиите со место на работа надвор од Скопје. Средствата за оваа намена се обезбедуваат од ставка 425 - договорни услуги.

Надоместокот за закупнина на стан не следува доколку на судијата му се исплатува надоместок на трошоци за одвоен живот.

За правото од ставот 1 по барање на судијата одлучува Судскиот буџетски совет со решение.

Надоместокот за закупнина на стан, судијата го остварува од денот на поднесувањето на барањето до Судскиот буџетски совет, но не порано од денот на склучувањето на договорот за закуп на стан. Кон барањето за закупнина на стан (во случај да не може да му се обезбеди службен стан), судијата поднесува копија од лична карта, одлука за избор за судија, копија од договор за закуп на стан заверен на нотар кој гласи на негово име и изјава заверена на нотар дека тој или член на неговото потесно семејство немаат во сопственост стан или куќа во местото каде ја врши функцијата.

7. Судијата има право на **селидбени трошоци** кога има право да користи службен стан согласно со закон, а не може да му биде обезбеден истиот.

Надоместокот за селидбени трошоци се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на судијата му се исплатува надоместок на трошоци за одвоен живот.

За правото од ставот 1 по барање на судијата одлучува Судскиот буџетски совет со решение.

Судијата има право да поднесе барање за надоместок на селидбени трошоци до Судскиот буџетски совет во рок од 30 дена од извршената селидба. Кон барањето судијата поднесува доказ за вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

8. Во случај на смрт на судија, на неговото семејство му припаѓа **парична помош** во износ регулиран согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

За правото од став 1 со решение одлучува Претседателот на судот во кој судијата ја вршел судиската функција.

9. Во случај на смрт на член на потесно семејство на судија (родител, брачен другар, деца родени во брак и вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) на судијата, ако живеел во заедница, му припаѓа **парична помош** во висина регулирана согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

За правото од став 1 со решение одлучува Претседателот на судот во кој судијата ја врши судиската функција.

10. Во случај на боледување подолго од 6 месеца во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во смисла на Законот за заштита и спасување, на судијата му се исплатува **помош** во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во судот каде што е вработен.

За правото од став 1 со решение одлучува Претседателот на судот во кој судијата ја врши судиската функција.

11. Судијата **има право на надоместок за дежурство** согласно со Законот за судови.

12. На судија на кој врз основа на официјално одобрение му е дозволено да користи службено возило за личен превоз до и од работното место не му следува надоместок за превоз.

Ова одобрение го издава Претседателот на судот односно во случај на негово отсуство или спреченост заменикот на Претседателот на судот.

13. Судијата има право на надоместок на трошоци за службени патувања во странство кој опфаќа:

- надоместок за дневница за службено патување во странство во висина определена со Решението на Владата на Република Македонија за највисоките износи на дневници за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и нејзиниот износ се исплатува:

- 50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случај кога сместувањето не паѓа на товар на судот и

- 20% од утврдената дневница ако трошоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на судот.

Пресметката на трошоците за службено патување со дневница се одредува:

а) една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа;

б) половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго до 8 часа и

в) трошоците за ноќевање се признаваат во полн износ според приложената сметка за хотелско сместување.

14. Судијата има право на испратнина при заминување во пензија во висина на две просечни месечни плати исплатени во стопанството на Републиката во последните три месеца.

За правото од точка 1 со решение одлучува Претседателот на судот во кој судијата ја вршел судиската функција.

15. Судијата кој користи некое од правата наведени во претходните точки во случај да му се променат околностите врз основа на кои му е признато соодветното право е должен веднаш писмено да го извести Судскиот буџетски совет односно Претседателот на судот каде судијата ја врши судиската функција.

16. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

17. Со стапувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат: Одлуката за пресметување на платите на судиите бр.02-71/9 од 22.01.2008 година, Одлуката за надоместок на трошоците за службени патувања на судиите во земјата и странство бр.02-763/5 од 19.10.2007 година, Одлуката за определување на право на надоместок на плата на судиите бр. 02-71/8 од 22.01.2008 година, Одлуката за определување на право на испратнина при заминување во пензија на судиите бр. 02-71/13 од 22.01.2008 година, бр.02-1144/5 од 22.10.2009 година, Одлуката за определување на право на парично примање на име јубилејна награда на судиите бр.07-71/12 од 22.01.2008 година, Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан бр.02-1033/6 од 12.11.2008 година, бр.02-130/12 од 24.02.2009 година, бр.02-130/10 од 24.02.2009 година, Одлуката за остварување на правата на судиите бр.02-71/7 од 22.01.2008 година, бр.02-900/4 од 23.09.2008 година, бр.02-1033/5 од 12.11.2008 година, бр.02-130/11 од 24.02.2009 година, бр.02-130/9 од 24.02.2009 година, бр.02-994/4 од 14.09.2009 година и бр.02-1144/4 од 22.10.2009 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Васил Грчев**